04-30
18.01.2019

Врз основа на член 105 став 6, член 110-е став 13 и член 110-ѓ став 4 и 5 од Законот за социјалната заштита ( Службен Весник на РМ бр. 79/09, бр. 36/11, бр. 51/11, бр. 166/12, бр. 15/13, бр. 79/13, бр. 164/13, бр. 187/13, бр. 38/14, бр. 44/14, бр. 116/14, бр. 180/14, бр. 33/15, бр. 72/15, бр. 104/15, бр. 150/15, бр. 173/15, бр. 192/15, бр. 30/16, бр. 163/17 и бр. 51/18) член 22 и член 23 од Законот за работни односи ( Службен весник на РМ бр. 62/05, бр. 106/08, бр. 161/08, бр. 114/09, бр. 130/09, бр. 50/10, бр. 52/10, бр. 124/10, бр. 47/11, бр. 11/12, бр. 39/12, бр. 13/13, бр. 25/13, бр. 170/13, бр. 187/13, бр. 113/14, бр. 20/15, бр. 33/15, бр. 72/15, бр. 129/15, бр. 27/16 и бр. 120/18), а во врска со член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор ( Службен Весник на Република Македонија бр. 27/14, бр. 199/14, бр. 27/16, бр. 35/18 и бр.198/18), Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Тетово донесе:

# ОДЛУКА

## за вршење на избор на еден кандидат за вработување на неопределено време

1. За работното место СО30303А06002 Стручен службеник Правник – стручен службеник од шесто ниво – Служба за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител, се избира кандидатот Александра Перовска.
2. По конечноста на одлуката, со избраниот кандидат од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време за работното место за кое е избран.
3. Избраниот кандидат од точка еден на оваа одлука ќе биде на пробна работа шест месеци, а по завршувањето на пробната работа потребно е да се стекне со лиценца за работа во установа за социјална заштита.
4. Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на веб страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Тетово.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Комисијата за селекција за вработување на 6 ( шест ) извршители – даватели на јавни услуги од категорија А стручни (социјален работник, правник и економист) во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Тетово на неопределено време, формирана со решение на Директорот со архивски број 04-3630/4 од 27.12.2018 година, во функција за спроведување на постапката на објавениот јавен оглас број 01/2018 година објавен на ден 19.12.2018 година во дневните весници Нова Македонија и Коха, спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведените работни места.

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и спроведеното интервју и извршеното бодирање, Комисијата изготви Ранг листа на кандидати за вработување на еден извршител на работно место Правник - Стручен службеник од шесто ниво во Служба за услуги од социјална заштита – еден (1) извршител и истата ја достави до Директорот.

Врз основа на ранг листата Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапки и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

**Директор**
**Дарко Обадиќ**

Доставено до:

- Избраните/неизбраните кандидати
- Архива
- Досие
- Предмет
- Огласна табла